# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр. 7/2024
## 23.05.2024 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на општина Неготино**

Се објавува **Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на општина Неготино,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **22.05.2024** година.

**Бр.09- 493/1**
**23.05.2024 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02),член 80 од Законот градење („ Службен весник на РМ“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, ... 168/18 и „Службен весник на РСМ “ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Негитино („Службен гласник на Општина Неготино“ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22 ), Советотна општина Неготино на седницата одржана на ден **22.05.2024** година ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**
**За изменување и дополнување на Програмата за поставување урбана опрема на територијата на општина Неготино**

**Член 1**

Во Програмата бр.08-440/11 од 16.06.2023 година за поставување урбана опрема на територијата на општина Неготино се вршат следните измени:

**Во точка 2.12 Полначи на возила се додава нова алинеа**

Планирани локации за поставување на полначи за возила се:

-две паркинг места на почетокот на улица „Пекарев“ **(Прилог 7.3)**

1. **Графички дел:**

ПРИЛОГ 7.3




**Член 2**

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино“.**

**бр.08-483/4**
**22.05.2024 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседавач**
**Пепица Ѓорѓиева с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за утврдување на нацрт план Детален урбанистички план за урбана единица 1 дел од блок 3 ( помеѓу улиците „Маршал Тито“ и „Никола Петров“ ) општина Неготино**

Се објавува **Одлука за утврдување на нацрт план Детален урбанистички план за урбана единица 1 дел од блок 3 ( помеѓу улиците „Маршал Тито“ и „Никола Петров“ ) општина Неготино ,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **22.05.2024** година.

**Бр.09- 493/2**
**23.05.2024 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 27 став 4 од од Законот за урбанистичко планирање (,,Сл. весник на РМ”бр. 32/20 и 111/23), Советот на  Општина Неготино на седницата одржана на ден **22.05.2024** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за утврдување на нацрт план**
**ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЕДИНИЦА 1 ДЕЛ ОД БЛОК 3**
**(помеѓу улиците „Маршал Тито“ и „Никола Петров“)**
**Општина Неготино**

**Член 1**

Се утврдува нацрт план - **ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЕДИНИЦА 1 ДЕЛ ОД БЛОК 3 (помеѓу улиците „Маршал Тито“ и „Никола Петров“) Општина Неготино**, според урбанистичка документација изработена од „ПАРАМЕТАР“ ДООЕЛ Скопје со технички број 04-201/2023 од февруари 2024 година.

**Член 2**

*Нацрт - Деталниот урбанистички план од член 1 на оваа Одлука содржи:*
*-текстуално образложение;*
*-графички прилози според законските одредби;*
*-одредби за реализација на урбанистичка документација;*
*-извештај од извршена стручна ревизија изготвена од „НИМАЕР“ –Скопје, со тех. број 03-36/24 од февруари 2024 година.*

**Член 3**

Ова одлука стапува во сила со денот на објавувањето во **,,Службен гласник на општина Неготино“.**

**бр.08-483/5**
**22.05.2024 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседавач**
**Пепица Ѓорѓиева с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџет на општина Неготино за 2024 година за периодот 01.01.2024 – 31.03.2024**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџет на општина Неготино за 2024 година за периодот 01.01.2024 – 31.03.2024** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **22.05.2024** година.

**Бр.09- 493/3**
**23.05.2024 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (,,Сл.весник на РМ “ бр. 5/02), и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино (,, Сл.гласник на општина Неготино,, бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 ,16/14 , 13/20 и 3/22 ), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **22.05.2024** година го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**За усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Неготино за периодот 01.01.2024- 31.03.2024 година**

### Член 1

Советот на Општина Неготино го усвои Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Неготино за периодот **01.01.2024- 31.03.2024** година.

### Член 2

Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на Општина Неготино “.**

**бр.08-483/6**
**22.05.2024 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседавач ,**
**Пепица Ѓорѓиева с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за изменување на Деловникот за работа на општина Неготино**

Се објавува **Одлука за изменување на Деловникот за работа на општина Неготино** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **22.05.2024** година.

**Бр.09- 493/4**
**23.05.2024 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( 2 Сл.весник на РМ “ бр. 5/02 ) и член 79 став 1 точка 2 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино “ бр.3/06 )а во врска со Одлука на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр. 78/2024 , Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **22.05.2024** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За измени и дополнувања на Деловникот за работа на Советот на општина Неготино**

**Член 1**

Во Деловникот за работа на Советот **на Општина Неготино** (,,Сл.гласник на општина Неготино “ бр.3/06) се укинува член 15 алинеја 3 кој гласи „ Членот на Советот има право на седниците на Совет да поднесува барање за давање на автентично толкување на прописи.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „ **Службен гласник на општина Неготино “** .

**бр.08-483/7**
**22.05.2024 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседавач ,**
**Пепица Ѓорѓиева с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Неготино и општина Демир Капија**

Се објавува **Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Неготино и општина Демир Капија** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **22.05.2024** година.

**Бр.09- 493/5**
**23.05.2024 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 6 став (1) и (3) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“, бр. 79/09), член 14 и 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, бр. 05/02) и член 79 ст.1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино , Советот на Општината Неготино , на седница одржана на ден 22.05.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка**

**Член 1**

Советот на општината Неготино го утврдува Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, поднесен од Градоначалникот на општина Неготино број 09-489/2 од 21.05.2024 година, заради користење на интелектуални услуги во област на Располагање со градежно земјиште во сопственост на РСМ, помеѓу општините Неготино и Демир Капија. Меѓуопштинската соработка ќе се остварува преку склучување на Договор за давање услуги од страна на општинската администрација од општина Демир Капија за потребите на општинската администрација во Општина Неготино , а кои се однесуваат на вработено лице со Овластување за управување со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

**Член 2**

Утврдениот предлог од член 1 на оваа одлука, проценатa за потребата од воспоставување на МОС и мислењето на градоначалникот, се доставува до општина Демир Капија  заради усвојување.

**Член 3**

Општина Неготино на општина Демир Капија ќе и плаќа паричен надомест соодветен на извршената услуга, определен во Договорот за воспоставување Меѓуопштинска соработка.

**Член 4**

Ова Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “ .**

**бр.08-483/8**
**22.05.2024 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседавач ,**
**Пепица Ѓорѓиева  с.р.**

**СОДРЖИНА**

**Службен гласник 7/2024**


1. **Заклучок за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на општина Неготино**

2. **Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на општина Неготино**

3. **Заклучок за објавување на Одлука за утврдување на нацрт план Детален урбанистички план за урбана единица 1 дел од блок 32 ( помеѓу улиците „Маршал Тито“ и Никола Петров“) општина Неготино**

4. **Одлука за утврдување на нацрт план Детален урбанистички план за урбана единица 1 дел од блок 32 ( помеѓу улиците „Маршал Тито“ и Никола Петров“) општина Неготино**

5. **Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџет на општина Неготино за 2024 година за периодот 01.01.2024- 31.03.2024 година**

6. **Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџет на општина Неготино за 2024 година за периодот 01.01.2024- 31.03.2024 година**

7. **Заклучок за објавување на Одлука за изменување на Деловникот за работа на Совет на општина Неготино**
8. **Одлука за изменување на Деловникот за работа на Совет на општина Неготино**

9. **Заклучок за објавување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општинанНеготино и општина Кавадарци**
10. **Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општинанНеготино и општина Кавадарци**